ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

Предлагач: Градоначалник на
Општина Аеродром
Дејан Митески

Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

# ЗАВРШНА СМЕТКА
# НА БУЏЕТОТ
# НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ
# ЗА 2025 ГОДИНА

**февруари 2026 година**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, (Службен весник на Република Македонија бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), како и член 87, став 2, од Статутот на Општина Аеродром ("Службен гласник на Општина Аеродром" бр. 20/12, 21/14, 23/14, 04/19, 01/21), Советот на Општина Аеродром на 7-та седница одржана на ден 11.03.2026 година, донесе

**ЗАВРШНА СМЕТКА**
**НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
**ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа за 2025 година се состои од:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **I - Вкупно приходи** | **1.573.081.000 ден.** | **1.293.351.094 ден.** |
| Даночни приходи | 418.817.000 ден. | 380.100.411 ден. |
| Неданочни приходи | 101.756.000 ден. | 61.617.643 ден. |
| Капитални приходи | 10.790.000 ден. | 9.662.111 ден. |
| Приходи од дотации | 676.866.000 ден. | 673.588.284 ден. |
| Трансфери | 360.837.000 ден. | 165.416.197 ден. |
| Донации | 4.015.000 ден. | 2.966.448 ден. |
| **II - Вкупно расходи** | **1.659.653.000 ден.** | **1.345.136.707 ден.** |
| Утврдени намени | 1.657.353.000 ден. | 1.344.136.707 ден. |
| Резерви | 2.300.000 ден. | 1.000.000 ден. |
| **III - Дефицит** | **-86.572.000 ден.** | **-51.785.613 ден.** |
| **IV - Финансирање** | **86.572.000 ден.** | **51.785.613 ден.** |
| **Прилив** | **86.572.000 ден.** | **51.785.613 ден.** |
| - Приливи од домашни заеми | 0 ден. | 0 ден. |
| - Приливи од странски заеми | 0 ден. | 0 ден. |
| - Депозити | 86.572.000 ден. | 51.785.613 ден. |
| **Одлив** | **0 ден.** | **0 ден.** |
| Отплата на главница | 0 ден. | 0 ден. |

**Член 2**

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Аеродром на 31.12.2025 година, вкупно изнесува 43.779.823 денари, и тоа:

| Салдо на 31.12.2025 год. | 43.779.823 денари |
|---|---|
| - Салдо на с-ка основен буџет | 27.763.868 денари |
| - Салдо на посебни с-ки (789) | 11.412.888 денари |
| - Салдо на с-ка блок дотации | 824.062 денари |
| - Салдо на с-ка самофинансирачки активности | 3.570.238 денари |
| - Салдо на с-ка донации | 208.767 денари |

Салдото на основниот буџет во износ од 27.763.868 денари, се пренесува во делот на основниот буџет на Општина Аеродром за 2026 година.
(ОБ - 27.763.868 денари).

Салдото на буџетот на блок дотации во износ од 824.062 денари, се пренесува во делот на блок дотации на буџетот на Општина Аеродром за 2026 година.
(ОУ - 414.062 ден. + ДГ - 410.000 ден. =824.062 денари).

Салдото на буџетот на самофинансирачки активности во износ од 3.570.238 денари, се пренесува во делот на самофинансирачки активности на Општина Аеродром за 2026 год.
(ОУ - 2.233.037 ден. + ДГ - 1.337.201 ден. =3.570.238 денари).

Салдото на буџетот на донации во износ од 208.767 денари, се пренесува во делот на донации на Општина Аеродром за 2026 година.
(ОБ – 416 ден. + ОУ – 11.488 ден. + ДГ – 196.863 ден. =208.767 ден.).

Салдото на **посебните сметки (789)** се однесува на сметките: за реконструкција на водоводна мрежа од страна на МТ во износ од 5.020.196 денари, за реконструкција на јавни пешачки патеки од страна на МТ во износ од 733.070 денари, за санација и рехабилитација на сквер позади ТЦ Капитол од страна на МТ во износ од 401.733 денари, за обнова на тротоари на ул.23 октомври од страна на МТ во износ од 799.565 денари, за реконструкција на ул.Анастас Митрев со тротоари од страна на МТ во износ од 2.049.055 денари, за реконструкција на улици и тротоари во нас.Лисиче од страна на МТ во износ од 2.149.013 денари, за средства за ОИК во износ од 260.000 денари, и за набавка и садење на садници од страна на МЖСПП во износ од 256 денари. Салдото на посебните сметки во вкупен износ од 11.412.888 денари, се пренесува во делот на основниот буџет на Општина Аеродром за 2026 година.
(МТ – 5.020.196 ден. + МТ – 733.070 ден. + МТ – 401.733 ден. + МТ – 799.565 ден. + МТ – 2.049.055 ден. + МТ – 2.149.013 ден. + ОИК – 260.000 ден. + МЖСПП - 256 денари =11.412.888 денари).

**Член 3**

Планираните и остварените приходи и приливи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи и одливи по основни намени се искажани во Билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на Општина Аеродром за 2025 година, и тоа:

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Аеродром за 2025 година се прикажуваат расходите по програми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Аеродром за 2025 година се објавува во „Службен гласник на Општина Аеродром“.

**Совет на Општина Аеродром**

**Претседател,**

**Сузана Павловска**